ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ ЗА АЛАТКАТА
Exploding Topics

НИВО НА СЛОЖЕНОСТ: Лесно

Страница 1: општ опис и практична задача со детални чекори

А. Општ опис

ИМЕ НА АЛАТКАТА	Exploding Topics
ЛИНК	https://explodingtopics.com
ВИД	Алатка за откривање трендови
НАЈПОГОДНА ЗА	Откривање нови трендови, пазарни можности, идеи за стартапи, истражување иновации и откривање пазарни ниши.
ЈАЗИЦИ	Англиски
БЕСПЛАТНА/ ПЛАТЕНА	**Бесплатна основна верзија:** избрани трендови и основни податоци се достапни бесплатно; за напредно пребарување, филтри, прогнози и дополнителни информации е потребен планот Pro.
КЛУЧНИ ЗБОРОВИ	#ОткривањеТрендови #ИстражувањеНаПазарот #ИдеиЗаСтартапи #АлаткиСоВИ #ИновацииВоТуризмот #Претприемништво #НовиТрендови

1. Што е оваа алатка?

Exploding Topics им помага на корисниците да откријат нови производи, технологии и пазарни можности пред тие да станат широко распространети. Ги анализира пребарувањата, вестите, социјалните медиуми и другите дигитални сигнали за да ги истакне темите со брз раст. Претприемачите, стартапите, маркетиншките стручњаци и иноваторите можат да ги користат овие информации за истражување можности, проверка на идеи и донесување одлуки за пазарот.

Б. Практична задача и упатства чекор по чекор

2. Практична задача

Користете го Exploding Topics за да истражите нови трендови релевантни за туристичката индустрија. Изберете три перспективни трендови, споредете ги нивниот потенцијал за раст и вредноста за бизнисот и препорачајте го најсоодветниот тренд за интегрирање во платформата VoyAIge.

3. Сценарио / пример за бизнис

Име на бизнисот: VoyAIge

Производ/услуга: VoyAIge е платформа за патување што користи ВИ и им помага на корисниците да откријат дестинации според своите потреби, да создадат приспособени планови за патување и да добијат интелигентни препораки врз основа на нивните интереси, буџет и преференции за патување.

Целна публика: Млади патници, дигитални номади и туристи со добри технолошки вештини на возраст од 18 до 40 години, кои бараат персонализирани, паметни и одржливи искуства при патувањето.

Тон на комуникација: Иновативен, инспиративен, разбирлив за корисниците и насочен кон технологијата.

Крајна цел: Користете го Exploding Topics за да откриете нови трендови на ВИ во туризмот, да ги процените нивниот потенцијал за раст и вредноста за бизнисот и да го препорачате најсоодветниот тренд за интегрирање во VoyAIge, со цел подобрување на корисничкото искуство и зајакнување на конкурентската предност.

4. Пред да започнете

Бизнис-идеја; индустрија или пазарна ниша; целна публика

Релевантни клучни зборови; цел на истражувањето

Целен пазар (по избор); интернет-врска

#	Активност	Упатство
1	**Отворете ја алатката**	Отворете го Exploding Topics и пристапете до базата на податоци „Trends“ (Трендови).
2	**Изберете формат**	Изберете ја категоријата „Travel“ (Патување) за да истражите нови теми и производи поврзани со туризмот.
3	**Внесете содржина**	Прегледајте ги достапните трендови за патување и изберете три теми што би можеле да бидат релевантни за платформата VoyAIge.
4	**Користете ја функцијата со ВИ**	Разгледајте ги стапката на раст, обемот на пребарувања, графиконот на трендот и достапните информации за секој избран тренд.
5	**Уредете го резултатот**	Споредете ги трите трендови според потенцијалот за раст, релевантноста за целната публика и можната вредност за бизнисот VoyAIge.
6	**Извезете/ споделете**	Забележете ги наодите и подгответе кратка анализа на трендовите, истакнувајќи го препорачаниот тренд и објаснувајќи зошто треба да се разгледа неговото вклучување во платформата VoyAIge.

Очекуван краен резултат

Извештај од една страница со анализа на три нови трендови во туризмот, нивниот потенцијал за раст и вредноста за бизнисот, со препорака за најсоодветниот тренд за интегрирање во платформата VoyAIge.

B. Совети и дополнителни информации

Страница 2: совети и дополнителни информации

7. Примери за инструкции / внесени податоци

Инструкција 1
Најди три нови трендови релевантни за туристичката индустрија.

Инструкција 2
Спореди го потенцијалот за раст на откриените трендови и утврди кој нуди најдобра бизнис-можност.

Инструкција 3
Препорачај еден нов тренд што би можел да се интегрира во платформата VoyAIge за подобрување на корисничкото искуство.

8. Совети за подобри резултати

Совет 1
Користете конкретни клучни зборови поврзани со вашата индустрија наместо општи поими за пребарување.

Совет 2
Споредете повеќе трендови пред да ја изберете најперспективната бизнис-можност.

Совет 3
Прегледајте ги графиконите за раст на трендовите и поврзаните теми за подобро да го разберете пазарниот потенцијал.


9. Чести грешки што треба да се избегнуваат

Грешка 1
Избор на тренд само според неговата популарност, без процена на неговата релевантност за бизнисот.

Грешка 2
Занемарување на податоците за раст на трендот и дополнителните информации.

Грешка 3
Избор на тренд без да се земат предвид потребите на целната публика.

10. Снимка од екран / визуелен пример



Слика 1. Пример од контролната табла Travel во Exploding Topics со нови трендови во патувањето и податоци за нивниот раст.

11. Дополнителни материјали

1. Блог на Exploding Topics
https://explodingtopics.com/blog
Официјални статии за нови трендови, идеи за стартапи и пазарни можности.

2. Билтен на Exploding Topics
https://explodingtopics.com/newsletter
Неделни новости со нови трендови во различни индустрии.

3. Центар за помош на Exploding Topics
https://explodingtopics.com/blog
Официјален водич со детални чекори за користење на Exploding Topics за откривање, анализа и следење нови трендови.

12. Одговорна употреба на ВИ / белешки за обучувачот

Напомена за ВИ:
Exploding Topics користи анализа на податоци и алгоритми за предвидување за да открие нови трендови. Прогнозите за трендовите треба да се проверат преку дополнително истражување на пазарот пред да се донесат бизнис-одлуки.

Белешки за обучувачот:

- **Потребно време:** 20–30 минути.
- **Формат:** Индивидуална работа или работа во парови.
- **Полесна верзија:** Дајте им на учесниците однапред избрани клучни зборови поврзани со туризмот.

Потешка верзија: Споредете два нови трендови во патувањето и образложете кој нуди поголем бизнис-потенцијал за платформата VoyAIge.